РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-1335/4
24-02-2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 46 - та седница, одржана на ден 12.02.2021 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

Наводите од пријавата за постоење на судир на интереси во постапката за издавање на полномошно на Адвокатското друштво ------- од страна на претходната в.д. директорка на НУ ------------, ---------, спротивно на член 22 од Законот за спречување на корупцијата, а казнив по член 63 од истиот закон, **се основани.**

Согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот и поради промена на фактичката состојба, односно лицето ---------- не ја извршува повеќе функцијата в.д. директорка на НУ ----------, постапката **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Постапката по предметот со број 09-4182/1 од 05.09.2019 година да се затвори и архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-4182/1 од 05.09.2019 година е оформен врз основа на добиено Известување од страна на в.д. директорката на НУ ---------, -------- против лицето -----------, претходна в.д. директорка на истата институција, со наводи дека истата издала полномошно со бр. 03-2098/10 од 14.12.2017 година и полномошно со бр. 03-406/1 од 29.03.2018 година со кои го ополномоштила Адвокатското друштво -------- каде како адвокат се јавува, а воедно е и вработен нејзиниот сопруг ----------. Врз основа на издаденото полномошно со бр. 03-2098/10 од 14.12.2017 година и полномошно со бр. 03-406/1 од 29.03.2018 година од страна на НУ ----------- исплатени се две фактури по основ на преземени дејствија.

Во пријавата исто така е наведено дека истото адвокатско друштво било ополномоштено уште со полномошно со бр. 03-1337/3 од 30.10.2018 година, полномошно со бр. 03-62/1 од 15.01.2019 година, полномошно со бр. 03-63/1 од 15.01.2019 година и полномошно со бр. 03-64/1 од 15.01.2019 година, за кои ова адвокатско друштво до моментот на поднесеното известување немало доставена фактура за исплата. Поради наведеното, сегашната в.д. директорка го отповикала полномошното со бр. 03-406/1 од 29.03.2018 година.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК се обрати до НУ ----------, во однос на постапките каде е во ангажирано наведеното адвокатско друштво, по што беше доставена дополнителна документација од страна на оваа институција.

По увид во доставената документација од страна на НУ -----------, ДКСК утврди дека полномошно со бр. 03-2098/10 од 14.12.2017 година и полномошно со бр. 03-406/1 од 29.03.2018 година се потпишани од лицето ----------, претходна в.д. директорка на истата институција, спротивно од член 22 од Законот за спречување на корупцијата. Имено, со овие одредби предвидено е ограничување на избрани или именувани функционери, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие да не можат при вршењето на својата функција да воспоставаат деловни односи со правно лице што го основал член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.

Согласно член 63 од Законот за спречување на корупцијата предвидени се казнени одредби за прекршување на горе наведените ограничувања, но од друга страна согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците, прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Имено, прекршокот настанал во моментот кога претходната в.д. директорка на НУ -----------, ---------- го потпишала полномошно со бр. 03-2098/10 од 14.12.2017 година и полномошно со бр. 03-406/1 од 29.03.2018 година.

Согласно погоре изнесеното и потврдените наводи од пријавата, како и поради промена на фактичката состојба, односно лицето ---------- не ја извршува повеќе функцијата в.д. директорка на НУ ----------, ДКСК на својата 46 – та седница, констатира дека нема елементи за натамошно постапување.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З. – советник
Одобрил: С.П.Д. – член на ДКСК